*Ана ФРИЦХАНД*
*Татјана СТОЈАНОСКА*

**УДК: 159.922.8:37.015.31**
**17.02:159.9+37.015.31-053.5**

# МОРАЛНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ НА МЛАДИТЕ И ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ДВАЕСЕТ И ПРВИОТ ВЕК

***Кратка содржина***

*Промените што ги донесе 21 век се рефлектираа во сите општествени сфери. Никој не остана имун на трансформациите што се случија во сите сфери на живеењето. Едно од подрачјата, кое е од суштествено значење за животот на поединецот, а кое претрпе драстични трансформации, е полето на вредносниот и морален кодекс. Новиот милениум со себе донесе нови вредности, нови морални дилеми, морални норми и предизвика еден вид морална паника која оди во склад со трансформациите на моралот. Современоста е исправена пред морални предизвици: што да се прифати, што е пожелно, правилно и добро за поединецот и општеството. Сè уште не е постигнат идеалниот баланс и склад на вредносниот и морален кодекс со барањата на современоста. Младите, пред сè, студентската популација, кои се носители на општествените трансформации, двигатели на промените и предвесници на современиот општествен дискурс се исправени пред предизвиците и директно повикани да се справат со истите на индивидуален и општествено прифатлив начин.*

***Клучни зборови**: ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ, ВРЕДНОСТИ, МОРАЛНИ НОРМИ, МОРАЛНИ ДИЛЕМИ, МОРАЛНИ ПРЕДИЗВИЦИ*

## *Вовед*

Република Македонија, од нејзиното осамостојување до денес, доживеа низа промени кои што се рефлектираа во сите полиња на општественото живеење. Никој во општеството не остана имун на трансформациите што се случија во сите сфери на живеењето. Дел од тие промени придонесоа за развој на некои општествени сегменти, кај други не се забележаа значајни разлики, но постојат и подрачја кои апсолутно не се прилагодија на новитетите и кај нив, до ден денес, современите и прогресивни елементи сè уште не се етаблирани. Еклатантен пример на расчекор меѓу минатото и новото е дисбалансот на вредностите и моралните норми. Со право може да кажеме дека транзицијата, која ја боледуваме дваесет години, посебно го погоди полето на вредносниот и морален кодекс, подрачје кое е од суштествено значење за животот на поединецот, но и на општеството во целина. Вредностите, кои се срж на моралот и се идеалите кои го обликуваат и насочуваат однесувањето и делувањето на единката, се суштествениот елемент за правилен развој на личноста и нејзино вистинско и целосно вклучување во тековите на општественото живеење.

## *Настанување и менување на моралот*

Во социолошките определби на моралот, се истакнува дека моралот настанува во општеството од страна на поединците како општествени суштества (според Danilović, 2003, стр. 26). Независно од степенот на интегрираност на општеството и социјализацијата на поединците во него, покрај општоприфатените морални норми кои важат за целата заедница, постои и личен морал кој го создава поединецот за себе. Тој ги опфаќа најважните морални норми на општеството и специфичната индивидуална надградба која поединците, зависно од степенот на нивната индивидуализација, ја создаваат за себе. Општествениот и личен морал меѓусебно се вкрстуваат и условуваат. Карактеристично за моралните норми е тоа што тие стануваат составен дел од животот на општеството дури откако ќе бидат прифатени од мнозинството. Моралот не се создава наеднаш, свесно и плански. Неговото создавање зависи од појава на соодветни морални ситуации кои бараат да бидат соодветно морално регулирани. Моралните норми по правило се создаваат постапно и многу ретко настануваат наеднаш во поголем број (Danilović, 2003, стр. 26).

Моралот се менува, пред сè, со менување на материјалните услови за живот, како и со менување на организациско-институционалните структури на општествата. Врз неговото менување влијаат брзите интеграциски

процеси во светски рамки, материјализирани во мас-медиумите, интернетот и многуте новини што ги носи техничко-технолошкиот развој. Брзината и интензитетот на менувањето на моралните норми и вредности зависат од големината на општеството и од неговата традиција. Доколку станува збор за општество со подолга традиција, неговиот морал потешко и побавно се менува. Исто така, брзината на менување на моралот зависи и од зачестеноста на драматичните настани што се случуваат во некоја заедница, како и од историските настани (Danilović, 2003, стр. 28).

Сепак, моралот не се менува наеднаш, ниту се менуваат сите негови елементи. Науката потврдува дека постојат одредени универзални морални вредности својствени за сите општества независно од степенот на развој на кој се наоѓаат. Повеќевековното искуство покажало дека некои од нив не се менуваат суштински, туку се постојани и неразделни делови од секоја заедица. Доколку се изменат фундаменталните особини на некои основни морални норми и вредности, моралот би исчезнал како важен насочувач на човековото однесување и егзистенција. Во таа насока, радикалното менување на моралните норми (под надворешен притисок) го нарушува човековиот интегритет и навлегува длабоко во неговото лично достоинство. Моралот на поединецот се менува под влијание на внатрешни мотиви, самосвесно и автономно (Danilović, 2003, стр. 28).

Оттаму е и впечатокот дека луѓето денес имаат чувство на нецелосност, неавтентичност и се во постојана потрага по вредности кои би им го донеле посакуваниот внатрешен, душевен мир и чувство на сигурност.

### *Формирање и менување на вредностите*

Во психологијата постои општ консензус дека вредностите се формираат низ процесот на социјализација. Луѓето нив ги усвојуваат во зависност од условите во кои живеат. Во тој процес главна улога имаат агенсите на социјализација, меѓу кои најмногу семејството. За тоа зборува Фром, кога истакнува дека „*семејството може да се смета за психолошки агенс на општеството*" (Fromm, 1965; според Murphy, 1995).

Вредностите манифестираат релативна трајност, но и покрај тоа можат да се менуваат според неколку критериуми (според Ajduković, 1989):

а) ***временска димензија*** - менување на традиционалните вредности на релација *минато-сегашност* и на релација *сегашност-иднина*;

b) ***нивно остварување*** - менување поради остварување на одредени вредности или менување поради неостварување на вредностите, при што се зборува за алиенација, аномија, расчекор меѓу идеалите и праксата, дезинтеграција и слично. Неостварувањето на вредностите најнапред доведува до нивно засилување, а потоа до нивно слабеење и конечно до замена со други вредности;

в) ***животни периоди*** на поединецот, се зборува за промена на вредностите во адолесценцијата, возрасниот период и сл.;

г) ***општи фактори*** кои придонесуваат вредностите да се променат, може да се зборува за културно-историски промени, за општествениот систем итн.

Општа претпоставка е дека општествените фактори се значајни за усвојување и одржување на вредносниот систем на поединецот и групата. Не е основано да се очекува дека секоја промена на општествените услови ќе доведе и до менување на вредностите и вредносните ориентации. Сепак, познато е дека силни и ненадејни општествени случувања го разнишуваат вредносниот систем и можат да предизвикаат менување на вредносните приоритети, како и отфрлање на некои стари и усвојување на нови вредности. Во таа смисла, Кузмановиќ (Kuzmanović, 2001) зборува за т.н. *конгруентни* промени (кога се менува само степенот на прифаќање на веќе усвоените вредности) и *неконгруентни* промени (кога се напушта старата и се усвојува друга, честопати сосема спротивна вредност). Доколку новонастанатите општествени ситуации и процеси не предизвикаат институционални промени, нивното влијание врз поединецот може да се реализира преку менување на неговата материјална и општествена положба, преку медиумите и разни неформални влијанија кои можат да се соединат и доживеат како доминантна општествена клима.

Во сето ова значајна улога играат механизмите на конформирање и имитација на претпоставеното мнозинско мислење. Доколку се случиле и институционални промени постои можност некои вредности да бидат поприфатени од страна на мнозинството, бидејќи им е даден легалитет и се ставени во рамноправна, па дури и поповолна положба во однос на другите вредности. Ефектот на институционалните промени зависи од тоа дали се работи за млади луѓе кои се наоѓаат во формативниот период или за возрасни граѓани со веќе оформен и зацврснат вредносен систем. Кај вториве, новите вредности наидуваат на отпор од старите кои се долго време вградени во карактерната структура на поединецот. Институционалните промени се провлекуваат и во воспитните цели, во наставните планови и програми, така што новите генерации неизбежно се соочуваат и со нови, различни вредности (Kuzmanović, 2001).

Сепак, кога се зборува за менување на вредностите и на вредносниот систем важно е да се напомене дека поединецот може активно да учествува во менувањето на општествените вредности и норми. Неретко, во подолг временски период поединец или група на луѓе реализирале промени во идеолошкиот, нормативниот и вредносниот систем на цели општества преку личен ангажман и заедничко дејствување.

### *Вредностите денес - постои ли морална криза?*

Еден од најголемите проблеми со кои денес се соочуваат општествата е моралната криза. Емпириските докази укажуваат дека детериорацијата на стабилните бракови и семејства е нејзин главен извор, бидејќи децата ги учат моралните вредности главно во рамките на семејството, потпирајќи се врз родителските модели. Кога семејствата се нестабилни, кога родителите се отсутни, емоционално далечни, или преокупирани со проблеми и обврски или кога и самите се неморални, учењето на моралните вредности е мошне отежнато (Popenoe, 1998).

Авторите предупредуваат дека моралната структура на модерните општества е нарушена (според Kaprara и Červone, 2003). Егоистични, материјалистички интереси го намалуваат чувството на солидарност, а плуралитетот на светските гледишта овозможува уверувањата и етичките стандарди да бидат толку релативизирани, што се јавува можност од губење на личните вредности во животите на луѓето (Halpern, 1995, според Kaprara и Červone, 2003). Меѓутоа, тешко може да се утврди степенот до кој егоистичките, материјалистички вредности директно се конфронтираат со алтруистичките.

Инглхарт (според Kaprara и Červone, 2003) смета дека вредностите на општеството ја осветлуваат достапноста на изворите за задоволување на човековите потреби. Според него, економските проблеми водат кон изразеност на материјалистичките, додека економската благосостојба води кон јакнење на постматеријалистичките вредности. Сепак, тој не прави јасна разлика меѓу едните и другите, особено што не може соодветно да се опфатат брзите промени на вредностите присутни во многу делови на Блискиот Исток и Азија. Она што е значајно при разгледувањето на влијанието на социјалните фактори врз менувањето на личните вредности, е фактот дека поединецот не ги восприема пасивно социјалните влијанија, туку делумно ги модификува и активно ги избира социјалните фактори (Kaprara и Červone, 2003).

Кузмановиќ (Kuzmanović, 2001) смета дека криза на вредностите постои и особено ја има зафатено сферата на *вредностите-средства* т.е.

моралните вредности, па оттаму може да се зборува и за морална криза. Според овој автор, таа настанува последна, откако претходно ќе се случи економска, а потоа и криза на правниот и политичкиот систем.

При анализа на фазите во развојот на кризата на вредности Кузмановиќ (Kuzmanović, 2001) зборува за појава која ја нарекува *суспензија на вредностите*. Авторот мисли на моментот кога поединецот забележува дека многумина не се придржуваат до декларираните вредности и кога почнува да сфаќа дека тоа што му е пренесувано како позитивно од страна на семејството и некои од другите агенси на социјализација, во реалноста веќе не функционира и мора да почне да се однесува на сличен начин за да опстане. Според Кузмановиќ (Kuzmanović, 2001), поединецот сè уште верува во сопствениот вредносен систем, смета дека се значајни вредности и дека треба да ги оствари и зачува, но станува свесен дека мора да отстапи од нив. Убедувајќи се дека тоа е само привремено, ги остава на страна и почнува да се однесува според некои други принципи - оние на елементарното самоодржување. Оттука, тој може негативно да вреднува некои од средствата, кои во исто време во секојдневниот живот сепак ги применува.

Ваквата појава Кузмановиќ (Kuzmanović, 2001) ја нарекува општествена „шизофренија" објаснувајќи дека истата е мошне непријатна за самиот поединец и е еден од факторите кои ја поттикнуваат понатамошната промена и трансформација на вредносниот систем (на пример, средствата кои дотогаш се сметале за неприфатливи сега се сметаат за дозволени, па и пожелни, под изговор дека „сите така прават").

Промовираната нова вредносна хиерархија предизвикува промени во сите суштински аспекти на живеењето. Тоа особено го засега моралниот развој на децата и адолесцентите. Сè почесто истражувањата во кои се вклучени овие возрасни групи соопштуваат податоци за зголемен процент на агресивно и насилно однесување кај сè помлади поединци (на пр. Bebeau, Rest, & Narvaez, 1999; Borba, 2001); за тоа дека младите луѓе живеат во хаос на повеќе нивоа (на пр. Szentmàrtoni, 2004); за опаѓање на компетенциите за морално расудување (на пр. Thoma & Bebeau, 2008); за зголемување на индивидуализмот (на пр. Reynolds & Mensfild, 1999; Sabatier & Lannegrand-Willems, 2005); за зголемување на нарцисоидноста (на пр. Twenge, Konrat, Foster, Campbell, & Bushman, во печат; според Thoma & Bebeau, 2008); за зголемениот интерес за наоѓање работа која ќе обезбеди сигурна иднина, на сметка на развивање на животната филозофија која има смисла, во текот на школувањето (на пр. Pryor, Hurtado, Saenz, Santos & Korn, 2007; според Thoma & Bebeau, 2008) и за многу други негативни трендови.

Ваквите резултати, во одреден степен, се последица од влијанието на насилните структури, култури и актери кои водат до структурно, кул-

турно и директно насилство (Галтунг, 2000; според Мурџева-Шкариќ, 2007). Оваа состојба го нарушува процесот на социјализација и го засега оптималниот развој на адолесцентите. Во текот на процесот на индивидуација и оддалечување од родителскиот авторитет и модел, тие се препуштени на модели промовирани од медиумите, врсниците и општеството во целина, кои честопати се насилни и негативни. Ваквите влијанија се манифестираат во менувањето на вредносната хиерархија од аспект на претпочитаните вредности, во претпочитаниот стил на живеење, во верувањата, ставовите, во сè поголемата насоченост кон себе, во нетрпеливоста, отуѓеноста итн.

### *Моралните предизвици на младите во 21-от век*

Новиот милениум со себе донесе нови вредности, нови морални норми, морални дилеми и предизвика еден вид морална паника, која неминовно следуваше како резултат на моралните трансформации. Вредностите и моралните норми кои им помагаа на луѓето да го унапредуваат животот, кои важеа до пред дваесеттина години, го изгубија здивот со иновациите кои го зафатија новото, модерно општество. Следствено на тоа, одредени вредносни ориентации и морални норми, кои во претходниот систем беа на врвот на вредносната хиерархиска скала се маргинализираа, а за сметка на нив, на површина испливаа други вредносни и морални норми. Но, таа вредносно-морална трансформација не оди лесно и безболно. Постои еден вид морален вакуум, бидејќи вредностите и моралните норми кои го обележаа минатото сè уште не се целосно напуштени, а од друга страна, постојат недоволно етаблирани и лабави норми и вредности, кои соодветствуваат со граѓанското општество. Сè уште не е постигнат балансот и складот на вредносниот и морален кодекс, со барањата на современието.

Напредувањето и развојот на секое општество, во најголема мера, зависи од тоа каква младина ќе образува и воспитува, бидејќи тие се неговата иднина. Младите, пред сè, студентската популација, се авангардата на секое општество, почетниот импулс за негов просперитет и развој и токму поради тоа не е сè едно каква ќе биде нивната вредносна и морална едукација. Таа млада интелектуална елита, денес е исправена пред следните морални предизвици: што да прифати, како вредносно да се ориентира и надгради, како и на кој начин да осознае што е пожелно, правилно и добро за нив, но и за општеството во кое живеат и творат. Несомнено, младите кои се носители на општествените трансформации, двигатели на промените и предвесници на современиот општествен дискурс, се директно

повикани да се справат со моралните предизвици на индивидуален и општествено прифатлив начин.

Реалната слика на вредносно - моралната ориентација во нашата држава не е секогаш во склад со барањата на граѓанското општество. Вредностите и моралните норми кои се вистински показатели на доброто, посакуваното и правилното, не се секогаш предуслов за напредок и успех на поединецот. Од една страна, од младите се бара да се однесуваат во склад со пропишаното и правилното, учејќи дека само со прифаќање на позитивните, правилни и вистински принципи и животни ориентации ќе постигнат индивидуален успех и ќе заземат соодветно место во општествената хиерархија. Но, во секојдневието студентската младина се соочува со низа примери на успешни млади луѓе, етаблирани во општеството, материјално добро ситуирани, признати и познати, луѓе кои апсолутно правично и чесно не дошле до тоа што го имаат и кај кои отсуствува вредносна кохезија и постои сомнителна морална позадина.

Токму поради тоа, денес, македонската студентска младина е ставена пред моралната дилема: во услови на вредносен вакуум, што е подобро да се прифати: вредности и морални норми кои ќе ги направат подобри луѓе и ќе им помогнат да ги изберат вистинските приоритети и животни цели, или скршнување од тој пат и ризикување, со цел да се создаде индивидуален успех заснован врз дејанија кои не соодветствуваат со правилното и посакуваното?

Разрешувањето на наведената дилема навистина не е лесно и некогаш претставува потешкотија на студентите да им се објасни потребата и значењето што за нив го има вредносно-моралната ориентација. Дури севкупната научна и стручна јавност некогаш се наоѓа во недоумица, посебно при изнаоѓање соодветен одговор, разумно решение и објаснување за неопходноста од прифаќање на вистинската вредносна скала од страна на студентската младина.

Во ситуации на морална криза посебна улога во моралниот развој на личноста има образованието. Наставниците се најповикани да придонесат во моралната изградба на личноста. Нив во никој случај не треба да ги обесхрабри вредносното и моралното талкање на младината. Напротив, треба да ги стимулира да вложат поголем труд за да ја развијат љубовта на студентите кон правилното, доброто, посакуваното и исправното. Образованието не смее да се сведе само на стекнување нови знаења и искуства, туку и на воспитување и социјализација на поединците. Во рамките на наставата треба да се поттикнуваат оние вредности кои носат просперитет и на индивидуален и на општествен план, како што се: почит, чесност, трудољубивост, работливост, одговорност, принципиелност, навременост, правичност, толеранција. Истовремено, треба да се осудат и обесхрабрат

сите активности и дејанија кои не одат во склад со моралот. На студентите треба да им се потенцираат максими кои ќе го поттикнат нивното размислување во правец на општествено посакуваните начела, како што се:

- ***Ако исчезне праведноста, човековото живеење ја губи вредноста - Кант;***
- ***Неправедно е да не се биде фер;***
- ***Вистината постои, само лагата може да се измисли - Брак?;***
- ***Не смее да се криjат лошите нешта и грешки;***
- ***Прави го она што подоцна нема да те мачи;***
- ***Внимавај да не го правиш она што во човекот ја буди алчноста;***
- ***Навикни се да живееш чист, кроток и доблесен живот;***
- ***Доброто е цел на сè што постои и на секоја активност – Аристотел;***
- ***Работата и добрината се први човекови должности, но не само за да им се обезбеди благосостојба на семејството и на ближните, туку затоа што добрината и работата се средство за постигнување на индивидуална среќа.***

Во името на повисоките цели и вредности, во името на индивидуалниот и општествен напредок, наставниците се тие кои треба да ја развиваат љубовта кон вистината, праведноста, чесноста, добробитта, доблеста, толеранцијата и да ги воспитуваат студентите во духот на алтруизмот и космополитизмот. Постојано на ум треба да се има мислата на големиот Френсис Бекон, дека *карактерот на човекот израснува или во цвеќе или во троскот.* За таа цел треба навреме да се негува првото, а да се искоренува второто, бидејќи само на тој начин ќе се даде придонес кон развој на здрава младина. Вредносно и морално изградена младина е предуслов за здраво општество!

***Литература***

Ajduković, M. (1989). *Vrijednosne orijentacije maloljetnih delikvenata.* Zagreb: Narodne novine

Bebeau, M., Rest, J., & Narvaez, D. (1999). Beyond the Promise: A Perspective on research in Moral Education. *Educational Researcher*, 28 (4), 18-26

Borba, M. (2001). *Building Moral Intelligence.* San Francisco: Jossey-Bass

Danilović, N. (2003). *Snaga morala.* Beograd: Zadužbina Andrejević

Kaprara, V. i Červone, D. (2003). *Ličnost.* Beograd: Dereta

Kuzmanović, B. (2001). Društvena kriza i kriza vrednosnog sistema mladih. *Drama jedne mladosti.* Beograd: Žarko Albulj

Loges William E., Kidder Rushworth, "Global Values, Moral boundaries", A pilot Survey, (прочитано на: www.globalethics.org)

Лукић, Р.Д. (1982). *Социологија морала*, Београд: Научна књига

Мурџева-Шкариќ, О. (2007). *Ненасилна тансформација на конфликти. Скопје*: Филозофски факултет

Murphy, E.F. (1995). "Values, sex differences ans psychological androgyny". Во: *International Journal of Value-Based Management*, NY

Павичевиќ, В. (1967). *Основи етике*, Београд: БИГЗ

Popenoe, D. (1998). *„We are what we see: The Family conditions for Modelling values for children*". (http://parenthood.library.wisc.edu/Popenoe/Popenoe-Modeling.html)

Reynolds, J. & Mansfield, P. (1999). "*The effect of changing attitudes to marriage on its stability*". Lord Chancellor's Department

Sabatier, C. & Lannegrand-Willems, L. (2005). "*Transmission of Family values and Attachment: A French Three-Generation Study*". (http://pt.wkhealth.com/pt/re/apps/abstract)

Szentmártoni, M. (2004). *Svet mladih.* Psihološke studije. Pančevo: Bukur Book

Temkov, K. (2003). *Etika za mlade*, Niš: Bajka

Thoma, S. J., & Bebeau, M. (2008). *Moral judgment competency is declining over time: Evidence from twenty years of Defining Issues Test data.* Paper presented at the AERA Conference, New York.

Tompson, K. (2003). *Moralna panika*, Beograd: Clio

Шопенхауер, А. (1990). *О темељу морала*, Нови Сад: Братство-Јединство

*Ana FRICHAND*
*Tatjana STOJANOSKA*

# MORAL CHALLENGES FOR YOUTH AND SOCIAL CHANGES IN TWENTY FIRST CENTURY

***Abstract***

*Changes that came with the new century were reflected in all societal areas. Neither individuals nor institutions were immune to societal transformations. One crucial aspect for the life of each person that underwent significant transformations was the moral and value code. The new millennium brought new value hierarchy, new moral dilemmas, and new moral norms and caused certain type of moral panic in accordance with the transformations of moral. Today, humanity is still facing moral challenges of determining what is acceptable, preferable, right and good for the person and for the society. Value and moral code is not yet ideally balanced and harmonised with present societal needs and requirements. Young people, primarily student population, who are promoters of societal transformations and contemporary social discourse are standing in front of challenges and are directly involved in managing those challenges in individually and socially acceptable manner.*

***Key words**: SOCIETAL CHANGES, STUDENTS, VALUES, MORAL NORMS, MORAL CHALLENGES.*